# Дополнување на

# Отворен повик за ангажирање на компанија за изработка на национална анкета за јавно мислење и спроведување на фокус групи за планирање со ниско влијание врз животната средина (low impact planning initiative)

За потребите на грантовиот проект „Програма за истражување на потенцијални енергетски решенија со ниско влијанија на животната средина во С. Македонија'' кој е спроведуван од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" од Скопје, а финансиран од "The Nature Conservancy", го објавуваме овој отворен повик за ангажирање на компанија/ здружение или фондација за изработка на национална анкета за јавно мислење и спроведување на фокус групи за планирање со ниско влијание врз животната средина (low impact planning initiative).

**ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА**

Цел на активноста е спроведување на анкета за јавно мислење на репрезентативен примерок и спроведување на фокус групи со цел добивање релевантни податоци за познавањата на различни групи на засегнати страни на темата планирање со ниско влијание врз животната средина, а особено за прибирање на информации за најдобри потенцијални локации за искористување на обновливи извори на енергија притоа земајќи ги во предвид влијанието врз животната средина, потенцијалните технички и проблеми од социјална природа.

**ЗАДАЧИ НА ИЗБРАНАТА КОМПАНИЈА:**

- Да соработува и да ги следи насоките од назначеното одговорно лице од Еко-свест;
- Да изработи методологија за спроведување на анкетата за јавно мислење на репрезентативен примерок и спроведување на фокус групи;
- Во консултација со Еко-свест да ги развие прашалниците за анкетата за јавно мислење на репрезентативен примерок и прашалниците за фокус групите;
- Да спроведе национална репрезентативна анкета за јавно мислење во согласност со одобрениот прашалник;
- Да изготви извештај за резултатите од спроведената анкета со вклучена визуелна содржина (графикони);
- Да ги спроведе сите подготвителни активности за организирање на фокус групите вклучително да ги исконтактира релевантните институции, организации, компании и други засегнати страни кои имаат активности на темата обновливи извори на енергија;
- Во соработка со Еко-свест да изготви листа на учесници на фокус групите и истите да ги покани, да ги изготви и прибере материјалите кои ќе се разгледуваат на фокус групите и истите навремено да ги достави до селектираните лица за учество во фокус групите, да подготви агенда или клучни точки за разгледување за секоја фокус група и истите да ги достави до учесниците;

- Да организира и фасилитира најмалку три (3) онлајн фокус групи со претставници од различни групи на засегнати страни, и тоа: 1. Граѓански организации кои работат во секторот животна средина; 2. Неформални организации кои делуваат во секторот животна средина; 3. Компании и претпријатија која работат или нудат услуги поврзани со обновливи извори на енергија; 4. Експерти за земјоделие и граѓански организации кои делуваат во областа одржливо земјоделие; 5. Носители на одлуки и политики и регулатори (во секторот енергетика) во земјата и регионот и експерти за обновливи извори на енергија кои работат во регионот. Потенцијалните понудувачи се охрабрени да понудат спроведување на повеќе од 3 фокус групи;
- Доколку има потреба, да организира симултан превод за потребите на организирање и фасилитирање на фокус групите на македонски, англиски и албански јазик;
- Да изготви сумарна анализа на дискусијата и презентирање на резултатите од фокус групите, да се подготват предлог идеи и препораки за делување и унапредување. Се препорачува да се изготват и прашалници или графикони кои произлегуваат од резултатите или препораките;
- Редовно да комуницираат со одговорното лице назначено од страна на Еко-свест.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

Периодот за спроведување на оваа активност изнесува најмногу 3 (три) месеци од датумот на потпишување на договорот, но не подоцна од 30 октомври 2021 година.

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

При аплицирањето, заинтересираните компании треба да достават:

1. Портфолио со претходно искуство;
2. Финансиска понуда (Анекс 1).

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма. Одбраниот понудувач ќе треба да достави оригинална понуда до канцелариите на Еко-свест, не подоцна од 15 дена од изборот.

**КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

Компанијата која аплицира мора да ги исполнува следниве критериуми:

1. Најмалку 3 (претходно) изработени истражувања на репрезентативен примерок и/или спроведени фокус групи.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ**

Евалуационата комисија го задржува правото да го извести само оној понудувач чија понуда ќе биде избрана. Кандидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:

1. Претходно искуство во спроведување на слични активности 80 бодови
2. Понудена цена за активноста 20 бодови

Вкупно 100 бодови. Договор ќе биде склучен со онаа компанија која освоила најголем број бодови во соодност  квалитет на понуда и цена.

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ**

Комплетната понуда, апликантите треба да ја испратат на е-маил: angel@ekosvest.com.mk најдоцна до **20 јуни 2021 година 23:59 часот, со назнака Апликација за анкета за јавно мислење и спроведување на фокус групи**. Во самата апликација наведете го бројот на фокус групи кои можете да го спроведете за сумата која ја предлагате во финансиската понуда.

Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид.

Повеќе информации можете да добиете на тел. 075 580 480 или е-маил angel@ekosvest.com.mk.

*Анекс 1*

**Финансиска Понуда**

| | Активност | Број на единици | Единична цена | Вкупна Цена по единица |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Подготвителни активности и спроведување на националната репрезентативна анкета | 1 | | |
| 2 | Подготвителни активности и спроведување и фасилитирање на минимум 3 фокус групи (со вклучена цена за симултан превод) | 3 (или повеќе) | | |
| **Вкупна Цена** | | | | |